# ГРИП И ВАКЦИНАЦИЈА

## Како грипот делува на мене?

- Грипот предизвикува треска и болки во телото.
- Кај постарите лица исто така постои поголема веројатност да добијат инфекција на белите дробови и да треба да одат во болница доколку заболат од грип.

## Како помага вакцината против грип?

- Примањето на вакцината ја намалува веројатноста да добиете инфекција на белите дробови или да треба да одите во болница.
- Вакцината можеби не може да спречи да заболите од грип, НО ќе ве заштити од сериозно заболување.

## Кога можам да ја примам бесплатната вакцина против грип?

- На возраст од 65 години и постари

## Кои се вообичаените несакани ефекти од вакцината против грип?

- Едно од 10 лица може да има оток или болка на местото каде што е ставена инјекцијата 2 до 3 дена.
- За намалување на оваа болка може да помогне парацетамол.
- Понекогаш на местото каде што е ставена инјекцијата може да се појави грутка и да трае неколку недели или месеци – не е потребно лекување.
- По вакцинацијата, лицата, исто така, може да имаат треска, главоболка и болка во мускулите, но тие исчезнуваат по 2 до 3 дена. Некои лица погрешно мислат дека тоа се симптоми на грип, но овие несакани ефекти се многу помалку сериозни од инфекцијата.
- Едно од еден милион лица кои ја примиле вакцината може да има проблем со нервите. Тоа е привремено и, исто така, може да се појави кај лица кои заболуваат од грип.

## Дали можам да добијам грип од вакцината против грип?

- Не. Не можете да добиете грип од вакцината бидејќи таа не содржи жив вирус.

## Зошто треба да примам вакцина против грип секоја година?

- Вирусот на грип се менува секоја година, затоа за да се заштитите потребно е да примате нова вакцина секоја година.

**INFLUENZA INFECTION AND VACCINATION - Macedonian**
Produced By South Eastern Sydney Public Health Unit
02 9382 8333
August 2024

## Дали треба да примам вакцина против грип по инфекцијата?

- Да. Ако се вакцинирате, помала е веројатноста да заболите од други видови на вирусот.
- Почекајте да бидете подобри пред да се вакцинирате.

## Каде можам да добијам повеќе информации?

- Разговарајте со вашиот доктор по општа пракса (GP).
- Исто така се достапни често поставувани прашања за вакцините против грип (само на англиски јазик) – ве молиме скенирајте го QR-кодот:

**INFLUENZA INFECTION AND VACCINATION - Macedonian**
Produced By South Eastern Sydney Public Health Unit
02 9382 8333
August 2024